**Известување за концентрација со која Еуролинк Осигурување АД Скопје и Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје ќе стекнат заедничка контрола над Друштвото за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ**
**(предмет бр. 08-99/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 09.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Еуролинк Осигурување АД Скопје со седиште на ул.Пиринска бр.23, 1000 Скопје, Република Северна Македонија и Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје се седиште на бул. Кочо Рацин бр.3-2/кат 3 и 4 Скопје – Центар, Република Северна Македонија, ќе стекнат заедничка контрола над Друштвото за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ со седиште на бул. Кочо Рацин бр.3-2/кат 3 и 4 Скопје – Центар, Република Северна Македонија,

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје** е компанија за неживотно осигурување. Единствен акционер во ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје е Grazer Wechselseitige Versicherung AG (Граве Групација), интернационална компанија со долга осигурителна традиција, ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје врши услуги на осигурување во сите класи за неживотно осигурување.

Граве Групацијата е сопственик на следните друштва во Република Северна Македонија:

| |
|---|
| 1.Еуролинк Осигурување АД Скопје |
| 2.Граве осигурување АД Скопје |
| 3.Граве неживот АД Скопје |
| 4.Граве недвижности ДООЕЛ Скопје |
| 5. Граве имоти ДООЕЛ Скопје |

**ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје е** основано, со цел да врши работи на управување со отворени и затворени инвестициски фондови. ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје, е дел од ВФП групацијата за финансиско советување од Грац, Австрија.

ВФП Групација е сопственик на следните друштва во Република Северна Македонија:

| |
|---|
| 1. ВФП АД Скопје |
| 2.ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје |
| 3.ВФП Пензиско друштво АД Скопје |
| 4. Иново Брокер АД Скопје |
| 5. ВФП Плус Консалтинг ДОО Скопје |

| |
|---|
| 6.ВФП Акаунтинг ДОО увоз-извоз Скопје |
| 7.Генезис Еквити Партнерс АД Скопје |

**Друштвото за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ е** основано со цел да врши работи на управување со доброволни пензиски фондови. ВФП Пензиско друштво АД Скопје, е дел од ВФП групацијата за финансиско советување од Грац, Австрија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.06.2026 година
Скопје